Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03- 91/1
17 01 24 год.

До

Деканатската управа и

Наставно-научниот совет на

Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје

Предмет: **Годишен извештај за работата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје за 2023 година**

Почитувани членови на Деканатската управа,

Почитувани членови на Наставно-научниот совет на Правниот факултет,

Врз основа на чл.27 од Правилата за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, го поднесуваме овој Годишен извештај за работата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) за изминатата 2023 година.

Со почит,

Скопје, 17.1.2024 година

проф.д-р Елена Нешовска Ќосева

Раководител на Центарот за Кариера
и одбор за поддршка (алумни)

Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - Правен факултет Јустинијан Први
Република Северна Македонија
СКОПЈЕ

**Годишен извештај за работата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје за 2023 година**

Врз основа на член 85, став 3 и член 110, став 1, т. 21 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018) и член 34, 35, и 36 од Статутот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 454, 16 октомври 2019 година), Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на седницата одржана на 28.2.2023 година, донесе Одлука, бр.02-250/3 од 28.2.2023 година, со која беше формиран Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, како посебна внатрешна организациона единица на Факултетот.

Со Решение бр.03-272/1 од 28.2.2023 година донесено од Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје за Раководител на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) е именувана проф.д-р Елена Нешовска Ќосева, додека, пак, согласно чл.22, став 1 од Правилата за организација и работа на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, Раководителката на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) донесе Решение бр.03-272/2 од 13.3.2023 година, со кое за Советници за кариера во Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) се именувани проф.д-р Илија Руменов и доц.д-р Марко Кртолица.

За преземање на тековните задачи во насока на реализација на целите на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни), во април 2023 година, по претходно спроведен јавен повик, м-р Јулијана Чапрагоска беше ангажирана како Координатор на Центарот за кариера. Ангажирањето на Координаторката, всушност, подразбираше остварување на преземената обврска од чл.5 од Договорот за соработка помеѓу Македонското здружение на млади правници и Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје склучен на 26.1.2023 година. Трошоците за месечен паричен надоместок за вршење на функцијата на Координатор на Центарот во траење од 12 месеци ги покрива Македонското здружение на млади правници.

Во периодот кој е предмет на овој Годишен извештај, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) организираше и реализираше низа активност со цел остварување на целите и задачите за кои е формиран Центарот, и тоа:

(1) ***Серијал од шест работилници за кариерен развој и јакнење на практични вештини*** во период од 17ти ноември до 22ри декември 2023 година. Целта на овие работилници беше **стимулирање на развојот на практичните знаења и вештини на студентите, подобрување на нивните комуникациски и презентациски**

**вештини и останати стручни квалификации**. Работилниците беа организирани во соработка и со поддршка на Македонското здружение на млади правници, врз основа на чл. 2, став 2, алинеја 2 од Договорот склучен помеѓу Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје и Македонското здружение на млади правници, а во рамки на проектот „Студентите по право и младите правници – Клучни агенти на промени за унапредување на човековите права и владеењето на правото во Република Северна Македонија", поддржан од Амбасада на Холандија во Северна Македонија. Работилниците беа организирани на следните теми и поканата на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) ја прифатија следните гости-предавачи:

I. Првата работилница ја реализираа *Ивана Дојчиновска Стојановиќ*, HR консултантка и кариерна советничка и *Славица Тасева*, кариерна советничка и обучувачка, од Агенција за кариерни советници, на тема: „*Креирај го твојот професионален профил: од студент до успешен кандидат за работа*".

II. Втората работилница се осврна на една чувствителна тема: „*Комуникација со ранливи категории на странки*". Предавачки на оваа работилница беа *Андријана Марковска* и *Маја Атанасова, правнички од Здружението за млади правници.* Преку игра на предизвици, учесниците идентификуваа кои се најчестите предизвици со кои се соочуваат маргинализираните категории на лица, стереотипи и правата кои треба да ги уживаат овие лица, основни начела, принципи и правила кон кои треба младите да се придружуваат при комуникација со ранливи категории, како и вежба „интервју" помеѓу млад правник, давател на бесплатна правна помош и странка од ранлива категорија.

III. На 1ви декември *доц. д-р Марко Кртолица*, советник на Центарот за кариера и алумни и *Димитар Атанасовски*, поранешен студент на Факултетот, радио и ТВ водител ја спроведоа третата работилница на тема: „*Јавно говорење*". Предавачите, своите знаење и професионално искуство го пренесоа на нашите студенти за тоа како да подготват соодветен говор, како најдобро да се подготват за јавен настап и/или презентација, како најлесно да се надмине и победи стравот пред публиката.

IV. Четвртата работилница беше реализирана на 7ми декември на тема: „*Правно пишување*". Предавачи на оваа работилница беа: *м-р Жарко Хаџи – Зафиров*, адвокат и *м-р Константин Битраков*, асистент на Правниот факултет. Преку оваа Работилница учесниците се стекнаа со продлабочени знаења и практични вештини по однос на правна анализа на повеќе видови поднесоци, осврт на правното пишување низ примери од практика и вежба- работа на подготовка на поднесок.

V. На петтата работилница, на тема: „*Правно аргументирање*" предавач беше *проф.д-р Есин Кранли Бајрам*, која теоретски и преку практична вежба им ги доближи на учесниците поимот на правно аргументирање, како и значењето на правното аргументирање во судската пракса. На оваа Работилница свое

излагање имаше и студентката Чарна Невзати, како победничка на 26тата Ораторска вечер „Иво Пухан".

VI. Серијалот на овие Работилници се заокружи со работилницата на тема: „*Правно резонирање*", со обука од *д-р Габриела Гајдова, судијка во Основен суд Велес*. Преку примери со судска пракса беше разработено правното резонирање со цел донесување на законита, правилна и праведна судска одлука, а пак, преку вежби на учесниците им беше дадена можност правно да резонираат, и да дискутираат со гостинката.

На работилниците активно учество земаа околу 30тина студенти, на кои им беа доделени сертификати за успешно завршена обука за кариерен развој и стекнати практични правнички вештини.

(2)***обезбедување на практикантска работа и мобилност на студентите во низа државни институции, компании од деловниот сектор и организации од невладиниот сектор***, меѓу кои Министерствотото за земјоделство, шумарство и водостопанство, Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии, Адвокатската канцеларија „Петровска & Клисаровска'', компаниите „НЕПТУН'', „КАМ ДОО", „ЕВН", „ШПАРКАСЕ БАНКА", „ОКТА", винарската визба „ТИКВЕШ", холандската компанија „The Big Search", Националниот младински совет на Македонија - „Проект МладиХаб", Коалиција сите за правично судење, Romaversitas North Macedonia, Младински образовен форум – МОФ, како и практикантска работа преку Македонското здружение на млади правници. И овие активности имаа за цел збогатување и унапредување на практична знаења и вешини на студентите од сите студиски програми на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

(3) ***Организација на неконвенционални настани,*** со цел **доближување на алумни заедницата со студентите на Факултетот**.

I. *Јустинијанови приказни* – во два наврати, на 23.5.2023 година и на 13.11.2023 година, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) организираше настан од мотивациски карактер со идеја за зближување, вмрежување и развивање на соработка помеѓу нашите сегашни студенти и веќе дипломирани, магистрирани и докторирани студенти, а членови на нашата алумни заедница, симболично наречен Јустинијанови приказни. Досега, своите инспиративни приказни и случки од факултетските денови ги споделија нашите алумни: Сузана Јошевска- Анастасовска-адвокат, Васко Попетревски-новинар, Ленче Ристовска - јавен обвинител, Наташа Трпеноска-адвокат, Горан Михајловски-новинар, и Кристина Атовска- новинарка.

II. *Политиколошко кино* - на 14.12.2023 година во Читалната на Факултетот беше организирана проекција на филмот „The Last King of Scotland". Настанот беше под модераторство на проф. д-р Ненад Марковиќ и доц.д-р Марко Кртолица, кои што поттикнаа научна и продлабочена анализа и дебата со присутните студенти за авторитарниот режим на владеење.

Овие настани и во иднина ќе овозможат остварување на стратешката цел на Центарот, а тоа е да биде мост кој ќе овозможи системски поврзувања на минатите, сегашните и идните студенти во насока на креирање на квалитетни млади кадри.

(4) ***Креирање на База на податоци за студенти и База на податоци за алумни*** - Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) за прв пат креира електронска База на податоци за студенти и База на податоци за алумни, наменети за студенти на факултетот од сите студиски програми и циклуси и алумни (поранешни студенти), чии што податоци ги/ ќе ги користи исклучиво за целите и активностите на Центарот. Базите на податоци на двете целни групи имаат главна цел да се направи **вмрежување и организирано поврзување помеѓу студентите и членовите на алумни заедницата во насока на развивање и поттикнување на професионален развој, размена на знаења, вештини и компетенции и нивно усовршување**. Регистрацијата во двете Бази се врши преку електронско пополнување на обрасци, достапни на следните линкови:

Линк за формулар за студенти:
https://docs.google.com/forms/d/1aVJn7Ixr1ZEHPCq5P2CK-EjIIK9yGXhVeII-P-43hoo/edit?pli=1&fbclid=IwAR0K7jPGwnKNXlUFZ57chL7qmiCOOyVk5PFb7jeiTlj6s5CCdAWI88Gx3qU&pli=1

Линк за формулар за алумни:
https://docs.google.com/forms/d/1zBHhduVBF-8d7iAacY1REeyI4ytxXo3oJNGLC7yi5j0/edit?pli=1&mibextid=Zxz2cZ&fbclid=IwAR1BDERkEF871QG8XQXZK-Rl19d_wH52tdNcRLXmhdOD3_x2AGe0XFiNtwc&pli=1

(5) ***остваривме низа соработки и ја интензивиравме комуникацијата со алумни заедницата, со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како другите домашни и меѓународни субјекти.*** При остварените средби ги информиравме подетално за програмите на Правниот факултет **во насока на планирање на практикантската работа наменета за студентите на Правниот факултет**.

(6) ***Организација на Отворен ден на Правниот факултет***, во рамки на Отворениот ден на УКИМ, на 27.4.2023 година и 1.12.2023 година. На голем

број матуранти, потенцијални студенти на Правниот факултет, низ кратка прошетка околу просториите на факултетот, амфитеатрите, читалната и библиотеката, им беа **презентирани студиски програми на факултетот**, активностите на студентите, имаа можност одблиску да се запознаат со професорите, можностите за стипендирање, меѓународна размена на студенти, нивните активности и вклученост во научноистражувачки проекти, студентскиот живот, практикантството и кариерните можности.

(7) ***соработка со средните училиште во Република Северна Македонија*** преку **промовирање на факултетот и запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Правниот факултет** во просториите на неколку средни училишта, како СЕПУГС Васил Антевкси Дрен, СУГС „Раде Јовчевски Корчагин", СУГС „Шаип Јусуф", Гимназијата „Кочо Рацин" во Велес.

Сите активности на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) беа достапни за сите студенти на Правниот Факултет од прв, втор и трет циклус на студии, како и за лицата кои дипломирале, магистрирале и докторирале на Правниот факултет и се дел од алумни заедницата на Факултетот.

Дополнително, покрај студентите на Правниот факултет, на дел од настаните организирани од Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) земаа учество и присуствуваа и ученици од средните училишта. Оваа можност ја понудивме со цел индиректна промоција на нашиот Факултет и приближување и запознавање на идните студентите со сите методи кои им стојат на располагање во насока на креирање на квалитетни и високо конкурентни кадри.

При спроведувањето на своите активности, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) оствари одлична соработува со сите внатрешни единици на Правниот факултет, со наставниот и ненаставниот кадар, со Факултетското студентско собрание, како и со Европската асоцијација на студенти по право (ЕЛСА).

Во изминатиот период, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) воспостави и одржуваше врски со Центарот за кариера на УКИМ во насока на спроведување на некои заеднички настани, како што се Отворениот ден на УКИМ и Саемот на кариера.

Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) редовно објавуваше ажурирани информации за достапни работни позиции, стипендии, можности за практикантска работа и волонтирање на социјалните мрежи на Центарот за кариера, на Правниот факултет и на Факултетското студентско собрание, како и на веб страницата на Правниот факултет.

Дополнително, со цел подобра информираност на студентите, Центарот за кариера подготви и информативен материјал (флаери, bookmarker-и, пенкала, банер и штанд на

Центарот за кариера и одбор за поддршка). Трошоците за изработка и печатење на целокупниот промотивен материјал беа покриени од Македонското здружение на млади правници, врз основа на склучениот Договор за соработка, а во рамки на проектот „Студентите по право и младите правници – Клучни агенти на промени за унапредување на човековите права и владеењето на правото во Република Северна Македонија, поддржан од Холандска Амбасада на Република Северна Македонија.

И конечно, сите активности кои беа спроведени од Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) беа реализирани **без финансиски оптоварувања на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје**.